Мисија на Христоделфијаните за Библијата

# Д О П И С Е Н   К У Р С

## Лекција 1

Ако сериозно размислиме за животот воопшто - за проблемите во светот, и за тоа што ни́ носи иднината на нас лично - две прашања кои најчесто се појавуваат се:

(1) Дали е возможен постојан мир во светот?

(2) Што ќе се случи со нас во иднина, и по нашата смрт?

Во оваа прва лекција сакаме да покажеме како Библијата може да ни́ помогне да ги одговориме овие прашања.

## Мир на земјава

Во поглед на првото, многу луѓе не се свесни дека Библијата има многу да каже за иднината на нашиот свет. На пример, Псалмот 70 опишува една земја каде мир и благодат ќе има во изобилие.

*"Дарувај го царот со твојата правда, О Господе, царскиот син со твојата праведност. Тој ќе ги суди твоите луѓе во праведност, твоите страдалници со правда . . . Во деновите негови праведниот ќе цути; просперитет ќе има во изобилие . . ."* (Псалм 71:1-2,7)

Човештвото често сонува за вакво златно време, но имало постојани промаршувања заради слабоста и себичноста на човечката природа. И покрај добрите намери, секогаш имало некој кој пробувал да доминира над своите другари (соработници); тие, кои преку себични дела, завист и амбиција, ги уништуваат сите планови за среќа на човештвото.

Првиот сериозен обид во модерново време да се реши овој проблем било формирањето на Лигата на Нациите, пред седумдесет години. Лигата ги прифати како свое мото зборовите од Библијата: "Нација нема да крене меч против нација, ниту војна повторно ќе се учи" (Исаија 2:4). Надежите беа големи, но по само неколку години, со појавувањето на тоталитаристичките режими во Европа и ужасната Втора Светска Војна како разултат на тоа, сонот исчезнал. По војната потребата за некој вид на светски авторитет кој ќе одржува мир доведе до создавањето на Обединетите Нации, но ова исто така потфрли во спречувањето на многуте војни кои се случија во последните педесет години.

## Враќањето на Исус Христос

Изгледа многу неверојатно дека луѓето ќе бидат во состојба да ги решат проблемите во светот во иднината која следи. За да се создаде мир, треба да се случат две нешта, (а) мора да се случи вистинско чудо за да се промени природата на човекот, така што луѓето ќе почнат да се однесуваат љубезно кон сите луѓе, или (б) ние мора да имаме водач во светот кој ќе биде способен да ги натера да се однесуваат така.

Првата можност не изгледа дека е остварлива, така што ќе одиме на втората. Овде ќе ни́ треба некој семоќен и многу способен за да го направи тоа. Покрај тоа што треба да е моќен, мора исто така да биде мудар и неподмитлив и сочувствителен спрема луѓето и нивните слабости. Каде такво лице може да биде најдено? И ако постои и сака да преземе таква одговорност, останува еден проблем, а тоа е неговата смртност. Може ли светот да продолжи да постои, а во исто време да наоѓа соодветна замена?

Библијата ни́ дава сигурност дека Бог без да потфрли ќе најде решение за проблемот со мирот во светот. Навистина ќе се појави лидер во светот, кој ќе биде перфектно оспособен за задачата; човек кој веќе се докажал себе си како способен заради својата многу голема мудрост, и неговата безгранична љубов и грижа за сé. Тој човек е Господ Исус Христос. Само тој кој го сака својот другар и пријател е способен да владее над него, а Исус Христос тоа навистина го направил. Решението за проблемот со мирот во светот е ветувањето дека Господ Исус ќе се врати.

Во првата глава во Делата на Апостолите, историјата за почетокот на Христијанството, читаме како Исус отишол на небесата, неколку недели по неговото воскреснување. Откако неговите ученици го виделе како заминува, се појавиле ангели и рекле,

*"Луѓе од Галилеа, зошто стоите овде и гледате во небото? Овој истиов Исус, кој беше земен од кај вас и кренат горе во небесата, ќе се врати назад на ист начин како што го видовте да оди во небесата."* (Делата 1:11)

Исус Христос ќе го основа Царството од Бог на оваа земја. Сите влади кои постојат ќе бидат заменети, и тој самиот ќе владее како цар. Тој ќе ја има целосната моќ за да оствари мир меѓу нациите. Како што пишува во книгата на Даниел:

"Бог од небесата ќе основа царство кое никогаш нема да биде уништено, ниту ќе биде оставено на други луѓе. Ќе ги скрши сите тие царства и ќе ги уништи, но самиот ќе остане засекогаш." (Даниел 2:44).

Дали ова ви изгледа невозможно? Би било невозможно, но еден историски факт - фактот дека откако Исус беше распнат тој повторно дојде во живот и по поминатите неколку недели со своите ученици
 бил однесен кај својот Татко во небесата. Од таму, кога времето ќе дојде, тој ќе се врати за да ги отстрани од земјата сета неправда, поробеност и насилство. Подоцна, во текот на овој курс, ќе дадеме докази дека времето е близу, дека земјата речиси ќе биде сведок на најголемиот настан од својата историја.

## Нашиот удел

Но, како сето ова ќе влијае на нас како поединци? Каква улога ќе играме додека овие големи промени се случуваат? Така дојдовме до нашето второ прашање: Што ќе се случи со нас во иднина, и по нашата смрт?

Ова целосно зависи од одлуката која ние самите мора да ја направиме, одлука која за нас не може никој друг да ја направи. Пред сé, со нашето читање на Библијата мора да бидеме убедени (а) дека Бог постои, и дека Библијата е навистина Неговиот Збор за нас; и (б) дека Исус Христос бил кренат од мртвите, и дека тој ќе се врати на оваа земја. Овие нешта ја формираат основата врз која надежите за мир во светот, и за нашата сопствена иднина мора да постојат. За

време на овој курс ќе ви дадеме причини кои зборуваат сами за себе за да се поверува во овие нешта.

Кога размислуваме за нашата сопствена иднина, воскреснувањето на Исус е клучот за сé. Низ целиот Нов Завет ќе видите дека вистинската надеж на Христијанинот е воскреснувањето од мртвите. Всушност, првото нешто кое Исус ќе го направи кога ќе се врати ќе биде тоа повторно да врати во живот многу луѓе. За тие кои навистина веруваат дека Бог го кренал Својот Син од мртвите, кои го веруваат сето тоа што Тој го ветил, дека новиот живот нема да биде како животот кој сега го живееме. Исус го нарекол "вечен живот". Тој рекол:

*"Затоа што вољата на мојот Татко е таа дека секој еден кој се свртува кон Синот и верува во него ќе има вечен живот, и Јас ќе го кренам него во последниот ден."* (Јован 6:40)

Главната цел на овој курс е да ви се покаже, со помош на Библијата, како можете да го примите дарот на вечниот живот, во Царството од Бог на земјава. Во Јован 3:16 читаме,

"*Затоа што Бог толку многу го сакаше светот Го даде Својот еден и единствен Син, за секој што ќе поверува во него да не исчезне туку да има вечен живот."*

Но не е доволно да се каже, "Јас верувам во Исус". Мора прво да разбереме зошто тој дошол, и како е неговото доаѓање поврзано со ветувањата дадени од Бог, пред многу векови. Тогаш ќе мора да научиме што сака тој ние да правиме, затоа што верувањето во Исус не се смета за ништо ако не се обидеме да ги следиме неговите заповеди.

Не можеме да научиме за сите овие нешта ако не ја читаме Библијата. Затоа што:

*"Верата доаѓа со слушање на пораката, а пораката е слушната преку зборот од Христос."* (Римјаните 10:17)

Целта на овој курс е да ја објасни пораката од Библијата, да го покаже патот до вечниот живот, и да покаже дека единствена надеж за светот е враќањето на Исус Христос.

## Заклучок

Во Библијата е ветувањето дека ќе дојде време на постојан мир, кога Исус ќе се врати како цар. Ако веруваме во Исус Христос и пробаме да ги извршуваме неговите заповеди со послушност, ќе имаме надеж за спас од смртта, и ќе нѝ биде даден вечен живот.

## Прашања

1.1 Зошто е важно да се чита Библијата?

1.2 Според Библијата, која е единствената основа за постојан мир во светот?